

Ако имаш амбиција за професионален развој во динамична средина, со одлични услови и атмосфера за работа, пријави се на огласот и приклучи се на нашиот тим!

УНИ Банка АД Скопје има потреба од мотивирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

# Специјалист за реализација на решенија за присилна наплата во Сектор плаќање во земјата во Дирекција платни системи

***Биди и ти дел од нашиот тим...***

## Квалификации:

- Високо образование (економски науки, право, или сродно);
- Минимум 1 година работно искуство во банкарство или финансиски институции;
- Развиени комуникациски и интерперсонални вештини и способност за работа во тим и
- Одлично познавање на англиски јазик
- Познавање MS Office пакетот и вештини за дигитална комуникација.

## Работни активности:

- Ги познава, разбира и почитува сите интерни и законски акти, кои ја регулираат дејноста на Секторот и за пресметка на камата;
- Постапува по Решенија за присилна наплата – реализација, блокада, деблокада, враќање;
- Постапува по Барања на извршители;
- Врши внес на налози добиени преку експозитура од блокирани сметки
- Врши следење на извештаи за блокирани сметки и приоритети на блокади;
- Спроведува (внес и контрола) целосна или делумна наплата по основ на решенијата за присилна наплата;
- Пресметка на провизии за блокирани сметки;
- Попис и архивирање на предмети;
- Контактира со експозитурите и
- Извршува и други работни задачи по налог на Раководителот на Секторот и Директорот/Заменикот директор на Дирекцијата.

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

## Бенефиции:

- Политика за наградување преку системот на бонуси
- Обуки за личен и професионален развој
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување
- Спортски активности и настани за дружење.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk,**најдоцна до 15.09.2026 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.
Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk